10 Прк.бр.2970/06-О

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ,** преку судијата Чавдар-Христова Јулија, со записничар Блажевска Виолета, во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од Комисија за заштита на конкуренцијата бр.03-57/14 од 09.10.2006 година, против Македонски телекомуникации, за прекршок по чл. 47 став 1 точка 2 од зак.за заштита на конкуренцијата, согласно чл.70, 109, 118 и чл.119 од Законот за прекршоците, на ден 12.04.2007 година, донесе

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИТЕ:**

1. А.Д. Македонски телекомуникации со седиште на Скопје на ул. „Орце Николов" бб со жиро сметка 200000090141316, единствен даночен број 4030997339640 Депонент Стопанска Банка, како правно лице,

2. АТИЛА СЕНДРЕИ извршен директор на АД Македонски Телекомуникации, со број на патна исправа ZB 130668, место на живеење на ул. „Калоца" бр. 76, Секесферхервар , Р Унгарија, а привремено престојувалиште во Скопје на ул. „Пржино" бр. 11а, Република Македонија, државјанин на Република Унгарија,

**СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ОДГОВОРНОСТ**

Согласно член 119 ст.1 т.1 од Законот за прекршоците

**ЗАТОА ШТО:**

АД Македонски Телекомуникации Скопје како оператор на Јавна комуникациска мрежа со доминантна позиција на пазарот сторил злоупотреба на доминантната позиција на начин што на претплатниците на јавните телефонски услуги од месец март 2005 година до 30 јуни 2006 година во деталната сметка за јавни телефонски услуги им пресметувал и наплатувал 2% од реализираниот сообраќај означен на сметката како манипулативен трошок.

Со кое дејствие обвинетите би сториле прекршок казнив по чл. 47 став 1 точка 2 од Закон за заштита на конкуренцијата, бидејќи дејствието не е прекршок.

Трошоците на прекршочната постапка паѓаат на товар на судскиот буџет согласно чл.123 ст.4 од Законот за прекршоците.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисија за заштита на конкуренцијата поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, против обвинетите Македонски телекомуникации и Атила Сендреи, за прекршок по чл. 47 став 1 точка 2 од Закон за заштита на конкуренцијата, со предлог истиот да биде огласен виновен и казнет согласно законот.

Судот поведе постапка при што ги повика обвинетите кои во прилог на својата одбрана на Судот презентираа писмен поднесок од 16.03.2007 година и истите се јавија на закажаното рочиште при што комплетно го негираа сторувањето на прекршокот од причини што истиот во моментот кога се товарат дека го сториле во законот не бил предвиден како прекршок. Побараа од судот постапката да биде запрена согласно чл. 119 ст.1 т.1 од Законот за прекршоците и да бидат ослободени од одговорност.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ

| Примено: 28.11.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 07 | 441/1 | | |

Судот разгледувајќи го барањето за поведување на прекршочна постапка и доказите приложени кон него од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата и тоа: Решението Бр. 03-57/5 од 19.04.2006 година , Решението УП. 2 бр. 09-2/4 од 08.06.2006 година, од страна на Комисијата за решавање по жалби од областа на конкуренцијата и мислењето дадено од Агенцијата за електронски комуникации бр. 03-1632/2 од 06.06.2006 година, како и доказите од писмената одбрана на обвинетите , тужбата за покренување на Управен спор бр. 09-112531/2 од 14.07.2006 година и врз основа на сите нив го утврди следното:

Комисијата за заштита на конкуренцијата по службена должност извршила контрола врз работењето на АД Македонски Телекомуникации на ден 19.04.2006 година при што донесено е и Решение бр. 03-57/5. Врз основа на утврдената фактичка состојба Комисијата за заштита на конкуренцијата до овој Суд поднесува барање за поведување на прекршочна постапка бр. 03-57/14 од 09.10.2006 година со кое барање предлага обвинетите да бидат огласени за виновни и казнети за сторен прекршок по чл. 47 ст.1 т.2 од Законот за заштита на конкуренцијата. Впуштајќи се во оценка на законитоста на барањето за поведување на прекршочна постапка Судот утврди дека во моментот кога е извршена контролата во АД Македонски Телекомуникации 19.04.2006 година и кога е донесено Решението бр. 03-57/5 од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата дејствието за кое се оптеретуваат обвинетите дека сториле прекршок по чл. 47 ст.1 т.2, од Законот за заштита од конкуренцијата, тоа дејствие во моментот не претставувало прекршок.

Согласно Законот за прекршоците, согласно чл. 3 од Законот , законитоста е врвен постулат . Во членото 3 е наведено „Никому не може да му биде изречена прекршочна санкција за дело кое пред да е сторено не било со закон определено како прекршок и за кое со закон не била пропишана санкција. Поаѓајќи од членот 3 од Законот за прекршоците, обвинетите не можат да се гонат за дело кое во моментот не било пропишано како прекршок. Во моментот кога е направена контролата на ден 19.04.2006 година ова дело не било предвидено во Законот како прекршок. Истото е предвидено како прекршок дури со Измените и дополненијата на Законот кои се направени на 06.06.2006 година, а кои влегоа во сила од 14.06.2006 година. Бидејќи ретроактивноста во примената на законите не е дозволена, согласно чл. 52 од Уставот на РМ, освен по исклучок само во случај кога тоа е поповолно за граѓаните, следуваше постапката да биде запрена и обвинетите да бидат ослободени од одговорност согласно чл. 119 ст.1 т.1 од Законот за прекршоците, бидејќи во моментот кога е утврден прекршокот од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата тоа дејствие не претставувало прекршок.

Имајќи го предвид горе утврденото следуваше постапката да биде запрена согласно чл. 119 ст.1 т.1 од Законот за порекршоците и обвинетите да бидат ослободени од одговорност.

Одлуката за трошоците на прекршочната постапка се донесе согласно чл.123 ст.4 од Законот за прекршоците.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ,**
**10 Прк.бр.2970/06-О од 12.04.2007 година**

Записничар, Судија,
Блажевска Виолета с.р. Чавдар-Христова Јулија с.р.

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- обвинет - подносител- писарница
Верно на оргиналот тврди:

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ
Република Македонија
21